

Да започнат преговорите на РМ со ЕУ



Интервју со Илија Христодулов:
Време за нови вредности

# Македонски глас

Година XXI 2014.
МАЈ – ЈУНИ
SVIBANJ – LIPANJ
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769

БРОЈ
89



Бришење на границата меѓу нас и оние другите



Денови на браќата Миладиновци
во Осиек и Ѓаково



Изложба „Меандри“ во Задар

## ЧЕСТИТ ИЛИНДЕН!

# PROCULIN®

Za Vaše oči

## KAPI ZA OKO (naphazolinum)

- Kod alergijske upale očiju
- Kod crvenila i svrbeži očiju

1-2 kapi, 4 puta dnevno

## TEARS (umjetne suze)

Medicinski proizvod

- Vlaži i štiti suhe oči

1 kap u oko 2-3 puta dnevno

## LENS (otopina za leće)

Medicinski proizvod

- Za sve vrste kontaktnih leća
- Preporučuje se za osjetljive oči
- Antibakterijska kutija




ALKALOID
*Brinemo o zdravlju*

PRIJE UPOTREBE PAŽLJIVO PROČITATI UPUTU O LIJEKU ILI MEDICINSKOM PROIZVODU.
ZA OBAVIJESTI O INDIKACIJAMA, MJERAMA OPREZA I NUSPOJAVAMA UPITAJTE SVOG LIJEČNIKA ILI LJEKARNIKA

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

## ЕХО НА ВРЕМЕТО

**Агол на уредникот**
**Urednikov kutak**



Главна и одговорна уредничка:
МИЛЕНА ГЕОРГИЕВСКА

Заменик на главната и одговорна уредничка:
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

Уредништво:
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

Редакциски одбор:
Васил Тоциновски
Тинка Барбутов Крстева
Мирјана Мајиќ

Редакција:
Елизабета Петровска – Загреб
Јулијана Младеновска Тешија – Осиек
Васил Тоциновски – Риека
Елена Кипровска Кнежиќ – Задар
Биљана Митревски – Сплит
Тодор Брдарски – Пула

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj, Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804
Tel./Fax: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr
zmurh.hr@gmail.com

За издавачот: Илија Христодулов
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.

# Идеи

За идеите се бореле нашите предци, за идеите се гинело и се гине, за нив се застапуваме и ние сега. Ги учиме нашите деца да им се раѓаат идеи. Во основа, секоја идеја има соодветна смисла. Колку е таа оправдана или не, оценуваат другите.

Како најголема морална вредност во идеите се наметнува доброто. Да се биде добар е особина која му одговара на човекот. А човечноста е должност на секој поединец и услов за добар живот. Тоа подразбира соработка со другите, дијалог, љубов и достоинство на личноста. Да му помогнам на некого – добра идеја! Да ни помогнат нас, исто така е добра идеја. Сократ тврдел дека човекот мора да знае што е добро, за да може така и да постапува. Платон ја гледал добрината како врховна идеја кон која сите тежнееме.

И идејата за формирање на ЕУ, настаната по Втората светска војна, имала за цел на Европа да ѝ донелсе мир, стабилност и напредок. Во фундамент како добра идеја.

За реализирање на одредена идеја понекогаш е потребен трновит пат, долго време, многу одрекувања. Во таква ситуација се најде Република Македонија која е влезена во лавиринт и никако да го пронајде патот до евроатланските интеграции. Но, не затоа што не може, туку затоа што други не и дозволуваат. Е сега, лично и најмоќната жена на светот, германската канцеларка Ангела Меркел ќе ни го крои името за да се најде решение за Република Македонија во спорот со Грција. За да излеземе од лавиринтот. Добра идеја!

Но, овде се наметнува прашањето уште колку ли време само ќе не тапкаат по рамо? И да се најде вистинско решение кое нема да ни го згазне достоинството. Затоа што Македонци можат да бидат само Македонци и ништо друго.

Милена Георгиевска
(m.georgievska@gmail.com)

# Да се најде решение Македонија да стане членка на НАТО и ЕУ

*На претседателскиот собир наречен „Брдо-Бриони процес“, што се одржа во Дубровник, Република Македонија доби поддршка за излез од ќорсокакот во кој со години е заглавена поради спорот со името со Грција, за што и Германија лично ќе се заложи. Започнувањето на преговори со ЕУ, е еден од заклучоците што се донесени на лидерската средба*



Како и што се очекуваше, на 15 јули во Дубровник, на претседателскиот собир наречен „Брдо-Бриони процес“, Република Македонија доби подршка што поскоро да влезе во НАТО и во ЕУ. На средбата на која присуствуваа претседателите на Хрватска, Словенија, Србија, Македонија, Црна Гора, БиХ, Косово и Албанија, а на која беше присутна и германската канцеларка Ангела Меркел, која за оваа прилика допатува од Бразил каде го следеше финалето од светското првенство во фудбал, беше допрено и македонското прашање.

Процесот Брдо Бриони дефиниран е како регионална иницијатива за почеток на стратешки дијалог, а е инициран од страна на словенечкиот и хрватскиот претседател, Борут Пахор и Иво Јосиповиќ. Посебна тежина на собирот даде токму присуството на германската канцеларка, која потенцираше дека нерешениот проблем со името и идентитетот меѓу Македонија и Грција претставува голем тег и за ЕУ. Таа истакна дека тоа прашање мора да се реши и дека и самата се вклучила во изнаоѓање на можно решение.

„Германија е подготвена за конструктивна соработка, но без компромис тоа не е можно. Во Германија како компромис се сфаќа кога сите вклучени страни се еднакво незадоволни“, истакна канцеларката Меркел, пренесуваат медиумите. Според неа, на некој начин мора да се постигне Македонија да стане членка на НАТО и на ЕУ.

Оттука, започнувањето на преговори на Македонија со ЕУ е еден од заклучоците на лидерската средба во Дубровник, со што македонскиот претседател, Ѓорге Иванов е особено задоволен.

Тој пораките од Меркел ги протолкува како доста оптимистички, бидејќи конечно ќе треба да се најде решение за излез од ќорсокакот во кој се најде Македонија.

Македонскиот претседател побарал позитивното искуство од регионот на паралелно преговарање и изнаоѓање на решение, каков што беше случајот на Хрватска и Словенија, и сега паралелниот процес со Белград и Приштина, да се примени и во случајот со Македонија.

Инаку, меѓу останатите заклучоци од средбата на лидерите од регионот се наведени подобрување на инфраструктурата преку проектите Јадранско-јонска магистрала, и железничката пруга Истанбул-Минхен, преку Љубљана.

За Република Македонија, како што истакна претседателот Иванов и двата проекти се од особено значење, бидејќи и овозможуваат на земјата поврзување со сите автопатишта и патишта од регионот со што се отвара просторот.

Оценувајќи го претседателскиот собир во Дубровник како мошне успешен, македонскиот претседател посочи дека и самото присуство на канцеларката Меркел покажало дека нашиот регион е повторно во интерес на Европската унија.

Милена Георгиевска

# Бришење на границата меѓу нас и оние другите

*На семинарот „Медиумите и националните малцинства во Република Хрватска“ се зборуваше за тоа дека малцинствата се составен и рамноправен дел од хрватското општество и со право бараат да не бидат третирани како други и нешто друго...*



*Раководството на Советот за националните малцинства на состанок со уредниците на малцинските медиуми*

Во организација на Канцеларијата за човекови права и права на националните малцинства на Р. Хрватска и Советот за националните малцинства на Р. Хрватска на 30 мај 2014 година во Опатија се одржа семинар на тема *Медиумите и националните малцинства во Република Хрватска*. Станува збор за едно од најактуелните прашања на современото општество, а тоа е заштитата на малцинствата и улогата на медиумите во демократизацијата на хрватското општество. Во првиот дел на собирот говореа м-р Бранко Сочанац, директор на Канцеларијата и Александар Толнауер, претседател на Советот. Во своите поздравни обраќања тие ги истакнаа напорите и резултатите кои се вложени и постигнати, но аналитички покажаа исто така, дека прашањето на малцинствата е пат на маргинализација на кој никој нема никаква одговорност. Проф. д-р Синиша Таталовиќ, советник на Претседателот на Република Хрватска за внатрешна политика, присутните ги поздрави и им посака успешна работа во име на претседателот Иво Јосиповиќ. Треба да се вложат системски и долгорочни напори за подобро решавање на правата на националните малцинства кои децидно се одредени и кои бараат почитување и остварување на законските прописи. Стекнатите права не се вечни, тие се променливи, истакна тој, а во нивната афирмација и разрешување значајна улога имаат и медиумите.

Во вториот дел на семинарот поставената тема беше разгледувана низ неколку научни и стручни излагања. За малцинствата меѓу традиционалните и новите медиуми говореше проф. д-р Гордана Виловиќ. Таа истакна дека со поставената тема не треба и никој нема право да манипулира. За жал, состојбата е катастрофална, а говорот на омразата зазема се повеќе простор и време. Во таа смисла ја истакна својата загриженост за состојбите и иднината на заедниците на Ромите и на Србите. Стојан Обрадовиќ низ многу конкретни аргументи и показатели се осврна на улогата и можностите на локалните радио станици во развитокот на националните малцинства. Нивните прашања според него се гетоизирани, па забележа дека општеството не треба да манипулира со проблемите на малцинствата. Претставници на Министерството за култура, на Хрватската радио-телевизија односно Редакцијата за национални малцинства, иселеништво и граѓанско општество – мултинационалниот магазин *Призма* и на Советот за електронски медиуми, низ сопственото искуство говореа за просторот и времето, содржините и формите кои се далеку од повисоки стандарди во поставување, анализирање и афирмирање на заштитата на националните заедници. Тие се ставени на периферијата, а не ретко се и заборавени во севкупното општествено постоење и дејствување чиј составен и значаен дел се малцинствата.

Поставените прашања и дадените оценки беа доволна инспирација за богата и плодна дискусија во третиот дел од собирот. Се наметнаа бројни прашања меѓу кои и оние за присуството на националните малцинства во медиумите, со акцент на Ромите, за размена на искуства меѓу припадниците на малцинствата и новинарите, постојано информирање за малцинските теми, за тоа дека повеќе се говори за негативните, отколку за добрите проекти и манифестации, па не ретко нештата се сведуваат на сензација. Немаше дискутант кој не ја истакна потребата од бришење на границата меѓу нас и оние другите. Малцинствата се составен и рамноправен дел од хрватското општество и со право бараат да не бидат третирани како други и нешто друго, да нема ние и вие, туку како лојални и рамноправни граѓани кои ги споделуваат и јавно треба да настапуваат и да се искажуваат по сите прашања што се секојдневие на нивната држава Република Хрватска. Уверени дека нивните прашања и проблеми ќе се најдат на разгледување и решавање во државните институции на што ги обврзуваат и позитивните законски прописи.

Васил Тоциновски

# Заедницата на Македонците годинава доби 637 илјади куни

*Средствата се обезбедени од државниот буџет на Република Хрватска, а се наменети за поддршка на програми за остварување на културната автономија на националните малцинства во РХ*



Врз основа на Уставниот закон за правата на националните малцинства, Советот за националните малцинства на Република Хрватска на состанокот одржан на 16 април 2014 година ја донесе следнава одлука за распределба на средства обезбедени од државниот буџет на Република Хрватска за 2014 година за поддршка на програми за остварување на културната автономија на националните малцинства во РХ, на позиција 381, тековни донации во пари, во износ од 33.698.000,00 куни кои се распоредуваат на начин како го предложи независната комисија составена од три члена на Советот на националните малцинства на РГХ и двајца независни членови – претставници на Владата на РХ.

На состанокот пред да биде усвоена одлуката за распределба на средствата, се анализираа извештаите на петочлената работна група, како и извештаите што ги поднесоа сите национални малцинства за 2013 г. Притоа се водеше грижа за исполнувањето на општите и посебните критериуми за утврдување на финансиска помош за програмите на невладините здруженија и установи на националните малцинства. Тука пред сѐ, се мисли на финансиска поддршка на Друштвата за нивните културни и информативно-издавачки програми, врз основа на потребата за зачувување на етничкиот, културниот и јазичниот идентитет на националните малцинства, со истовремен придонес за културниот, општествениот и стопанскиот развој на Република Хрватска.

Земајќи ја во предвид целокупната општествена ситуација во РХ, намалувањето на средствата од десетина проценти е нешто што не можеа да го избегнат ни Македонците. Оваа година Заедницата на Македонците вкупно доби 637.000,00 кн кои на предлог на оваа независна комисија беа расподелени како што следи:

| | |
|---|---|
| **Информирање:** | 160.000,00 кн |
| **Издаваштво:** | 40.000,00 кн |
| **Културен аматеризам:** | |
| МКД „Браќа Миладиновци“ | 56.000,00 кн |
| МКД „Илинден“ | 71.000,00 кн |
| МКД „Македонија“ | 70.000,00 кн |
| МКД „Билјана“ | 41.000,00 кн |
| МКД „Охридски бисер“ | 52.000,00 кн |
| МКД „Св. Кирил и Методиј“ | 22.000,00 кн |
| **Културни манифестации:** | 125.000,00 кн |

За сите овие средства, друштвата имаат обврска периодично да поднесуваат известувања до Советот за националните малцинства за начинот на трошењето на средствата и за нивните активности.

Биљана Митревски

# Статутите на друштвата и ЗМРХ ќе се менуваат согласно новите законски прописи

*На седмата седница на Управниот одбор на ЗМРХ најмногу дискусии се водеа за организацијата на претстојните манифестации „Илинден 1903-2014", „Летен камп – училиште по македонски јазик со работилници – Рогач 2014 година" и летен камп во Охрид „Ја сакам Македонија" кој ќе се одржи од 10-17 август*



Управниот одбор на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска на 12 јули 2014 година ја одржа својата 7. седница, која ја водеше новиот претседател Илија Христодулов. Во воведниот говор тој ги поздрави сите присутни и повторно се заблагодари за укажаната доверба за именувањето претседател на ЗМРХ. Истакна дека проблемите што се пред ЗМРХ не се ненадминливи и можат да се решат со взаемна поддршка и соработка на сите членови на УО. Исто така, посочи дека е неправеден несразмерот на средствата меѓу друштвата, бидејќи сите друштва се исти, сите работат за иста цел, колку можат и знаат, и дека тоа треба да се исправи за идната година.

Работниот дел од седницата се одвиваше по прифатениот дневен ред, при што најмногу дискусии се водеа за организацијата на претстојните манифестации „Илинден 1903-2014", „Летен камп – училиште по македонски јазик со работилници – Рогач 2014." и летен камп во Охрид „Ја сакам Македонија" кој ќе се одржи од 10-17 август во организација на МНР на РМ. Информаторот на ЗМРХ беше подготвен и проследен до сите друштва, а записникот од 6. седница на УО и полугодишниот извештај на ЗМРХ заедно со сите прилози беа едногласно усвоени. Во врска со измената на Деловникот за начинот и работата на УО на ЗМРХ, претседателот Христодулов информираше дека во јуни е излезен новиот Закон за здруженија на Р. Хрватска кој стапува на сила на 1 октомври 2014 година и дека поради тоа мораат сите Статути како и Деловници на друштвата и на ЗМРХ, во законски рок од година дена да се изменат и усогласат со него. Донесена е и одлука на 5. Годишна конференција на иселеничките организации во Скопје, на 23 и 24 јули 2014 година, организирана од Агенцијата за иселеништво на Р. Македонија, од ЗМРХ да присуствува проф. д-р Васил Тоциновски и во името на ЗМРХ да го прими Признанието што го доделува претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов, за достигнувања на правни лица од иселеништвото за афирмација на Република Македонија во светот.

На крајот, Бранка Јањиќ ги извести присутните дека поднела неотповиклива оставка на функцијата претседателка на МКД „Браќа Миладиновци" од Осиек, поради приватни и службени причини. Вонредното Собрание на Друштвото се очекува да биде закажано на почетокот на септември.

Е. П.



# Време за нови вредности

*Илија Христодулов е роден во Битола. По професија е машински инженер, сега пензионер. Од 1981 година со семејството живее и работи во Риека. До почетокот на Татковинската војна работел во Торпедо како раководител на оперативната припрема за производство на трактори и ровокопачи. Учесник е во Татковинската војна и носител на споменица. Бил трет претседател на МКД Илинден (од октомври 1996 година) во три мандата, а неодамна беше избран и по четврти пат за периодот од 2013 до 2017 година. Долгогодишен активен член на Управниот одбор на Заедницата, ја извршувал должноста претседател на Заедницата на Македонците во Република Хрватска од 2000 до 2004 година.*

Во 1997 година Христодулов бил иницијатор и надворешен соработник на Хрватската стопанска комора – Жупаниска комора Риека, со задача за обновување на стопанската соработка меѓу Хрватска и Македонија. Во мај 2004 година именуван е за надворешен член на пододборот за човечки права и правата на националните малцинства во Хрватскиот сабор. Бил потпретседател и долгогодишен член на Советот на македонското национално малцинство заГрад Риека. Повеќе години е активен соработник на Универзитетот во Риека и учествувал во процесите за воспоставување на соработка со универзитетите во Скопје и Битола. Основач е и прв претседател на Македонската православна црковна општина *Св. цар Константин и царица Елена* и моментално е нејзин актуелен потпретседател. На Редовната седница на собранието на Заедницата на Македонците во Република Хрватска одржана на 17 мај 2014 година во Риека, едногласно беше избран за нејзин претседател. Тоа е и повод за овој разговор.



**Господине Христодулов, најнапред Ви честитаме на изборот и Ви посакуваме успешна работа на ова одговорно место. На Собранието по Вашиот избор мошне критички се осврнавте на состојбите во Заедницата на Македонците во Република Хрватска и притоа дадовте конкретни предлози за нивно надминување.**

Не би рекол баш така, не сум човек кој критикува, туку сум за конкретна работа, а со тоа и за конкретизирање на сѐ она што нѐ мачи и што треба да се направи. Во прв ред, ние сите сме дел на ова општество и лојални граѓани на Република Хрватска, а потоа сме тие кои сме – и по тоа прашање нема недоумици. Доколку се добие впечаток на критички осврт тоа единствено е од причина да се акцептира и да се сфати дека Заедницата не е во функција сама за себе, туку е во интерес за сите МКД подеднакво со сите свои атрибути, па и пошироко за општо добро на двете наши земји и за Хрватска и за Македонија. Не може на едни да е мајка, а на други маќеа. Заедницата има мошне сериозна и одговорна работа, не само во реализација на плановите и програмите, туку и пошироко. Проблемите кои се собрале не се од вчера, тие имаат подлабоки корени и затоа треба да се решаваат на време, односно во истиот момент кога ќе се појават. Што се однесува до конкретните мерки кои што ќе бидат преземени за надминување на одредени проблеми, од кои ниту една друга организација во нашето општество не е имуна, веќе на првиот УО на Заедницата ќе бидат ставени за расправа.

**Вие бевте претседател на Заедницата во периодот од 2000 до 2004 година. Можете ли да ги споредите и да ги вреднувате тогашното искуство со сегашните состојби и перспективи?**

Денешната состојба на Заедницата со тогашното време нема споредба. Искрено да ви речам, не сакам ни да се присетам за тоа време, меѓутоа кој не го памети и лошото, тој истото ќе го повтори, затоа нештата треба да се паметат за да не се повторат. Тоа е време на несреќниот почетокот на конфликтот со албанското национално малцинство во Република Македонија, кога требаше да се задржи ладна глава и трезвеност за да не се пренесе проблемот и во Република Хрватска меѓу маке-

донското и албанското малцинство, со кое до сега не сме имале никакви недоразбирања и проблеми како и тие со нас. И во такви услови со безброј пречки и тешкотии во секој сегмент, многу брзо ја подигнавме Заедницата на висок степен како респектабилна и уважена Заедница. Кога ќе се соедини досегашното искуство кое е непроценливо и големо, со искуството на претходниците и останатите членови на Заедницата, се добива гаранција за надминување на секој проблем и создавање на подобри односи и состојби за перспектива. Времињата се менуваат, а со тоа мораме и ние да се приспособуваме и менуваме.

**За Вас како претседател, кои се идните стожерни обврски во постоењето и дејствувањето на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска?**

Првата и основна обврска е обединување и консолидирање на сите МКД – нема помал или поголем, сите работат со една цел и се вредни на свој начин. Во прв ред е вреднувањето, распределбата на средствата мора да биде во согласност со квалитетот и квантитетот на планот и програмата со која се аплицира до надлежните институции од државен, регионален и локален карактер. Во втор ред е принципот на еднаквост, бидејќи сите МКД го даваат својот придонес толку колку можат и умеат, но тоа не треба да значи нееднаква и неправедна распределба на средствата. Затоа прво треба да се седне и да се разговара со надлежните тела, а и меѓу нас на УО на Заедницата. Друго и не помалку важно, е воведување на уште подобар ред во финансиското работење на Заедницата, односно рационализација на трошоците. Потребно е и изнаоѓање на потребен и квалификуван кадар за изработка и аплицирање на ЕУ проектите. Воведување на тесна соработка меѓу Заедницата и останатите правни субјекти на македонското национално малцинство во Република Хрватска. Интензивирање на



соработката со Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска за прашања кои што се од взаемен интерес и значење. Меѓутоа, сето ова ќе биде Сизифова работа без изработка на нова стратегија за подмладување на членството во секое МКД. Без млади кадри за жал, нема јасна перспектива. Времето си минува, ние старееме, сакале или не – тоа е реалност.

**Веруваме дека и Вие го делите мислењето за статусот што националните заедници го имаат и би рекле, го уживаат во Хрватска.**

За тоа прашање не станува збор и никој не може да ме убеди во нешто спротивно. На Република Хрватска капа долу и голема благодарност за сѐ што правела и прави за нас. Од самиот почеток па сѐ до донесувањето на новиот Уставен закон за правата на националните малцинства од 2003 година, сѐ е дефинирано. Со новиот Уставен закон државата, односно регионалната и локалната власт, е во обврска за финансирање на советите и на претставниците на националните малцинства, но никогаш не била во обврска на финансирање на заедниците и на друштвата на националните малцинства, туку тоа го правела со добра волја и тоа никогаш не смее да се заборави.

Васил Тоциновски

## Соработката со Р. Македонија не е на највисок степен

**Како се одвива соработката со матичната земја и што според Вас треба да се направи за подобра и континуирана соработка со Македонија?**

Ова е комплексно прашање и нема едноставен одговор. Прво треба да се согледа во целост состојбата во која се наоѓа нашата Татковина која што од осамостојувањето е оптоварена со секакви проблеми, од политички до економски. Од таа причина, спомнав дека во наредниот период ќе следи интензивна соработка со Амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска, па и непосредно со одредени институции од Р. Македонија кои што на одреден начин можат да ни помогнат во остварување на нашите цели. За жал не би можел да речам дека соработката е на највисок степен заради низа објективни и субјективни причини. Меѓутоа, тоа не треба да е оправдување, туку поттик за подобра и поплодна соработка. Имам чувство, а тоа чувство го делат сите, дека Република Македонија со сите свои институции има погрешна перцепција кон нас. Дека се работи за Заедница на МКД кои се занимаваат само со оро и песна – и крај. Тоа не е вистина. Вистината е таа дека Заедницата со сите свои МКД, па и останатите правни субјекти со македонски предзнак, покрај ДКП на Р. Македонија во Р. Хрватска, се тие кои што се најзаслужни за развитокот на билатералните односи помеѓу Република Македонија и Република Хрватска, како вистински мост на соработка. Македонскиот национален корпус во Хрватска со својата лојалност, со својот патриотизам оставил трајна трага во најпозитивна смисла. Затоа, мислам дека е крајно време сега кога Република Хрватска е членка на ЕУ и голем пријател на Република Македонија, да се преземат чекори за надминување на одредени недоразбирања и за интензивирање на сите активности.

# Непозната Македонија



На 7 јули 2014 година во Новинарскиот дом во Загреб, Амбасадата на Р. Македонија во Р. Хрватска во соработка со Подружницата на пензионирани новинари при ХНД и Здружението на пензионерите на ХРТ организираше презентација на тема *Непозната Македонија*, која за цел имаше да ги открие сите тајни и убавини што ги нуди Република Македонија и се карактеристични за македонската традиција, поднебје и народ. Програмата ја водеше претседателката на Здружението на пензионерите на ХРТ, Бранка Старчевиќ, а презентацијата ја одржа амбасадорката на РМ во РХ, Н.Е. Даниела Караѓозоска.

Меѓу бројните гости во полната сала на ХНД беа амбасадорите на Јапонија, Јужна Кореја, Малезија, Шпанија, Шведска, Финска, Црна Гора, Босна и Херцеговина и Белгија, почесниот конзул на Р. Македонија во Задар, Гзим Рецепи, потпретседателот на ЗМРХ, Благој Штерјов, потпретседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Орце Ламбевски, спортската новинарка и коментаторка, Милка Бабовиќ, претставници од Хрватската академска и истражувачка мрежа (CARNet), членови на МКД „Охридски бисер“ од Загреб и други.

Презентацијата беше збогатена со настапот на Сафиудин Алимоски и Александар Качуров при музичката секција *Охридски бисер*, кои изведоа неколку изворни македонски народни песни.

Е. П.

# Нов простор за македонскиот конзулат во Риека

Почесниот конзулат на Р. Македонија во Риека доби нов атрактивен простор што се наоѓа во строгиот центар на градот. Конзулатот е на адреса *ул. „Долац“ бр. 3*, во близина на хотелот *Бонавиа* и *Универзитетската библиотека*. Има простор од 48 квадратни метра, мошне функционален и лесно се доаѓа до него. Тој е дел од македонската земја во Хрватска, вели почесниот конзул проф. д-р Горан Калоѓера и вратите се отворени за сите. Во неговата дејност посебно ќе се интензивира стопанската соработка, а ќе се дополнат и збогатат културната, образовната и научната размена кои имаат сопствена традиција и значајни резултати. Конзулот има посебни пофалби и благодарност до институции и личности кои помогнале во остварување на желбата Конзулатот да се најде во центарот на градот. Меѓу другите, тоа се градоначалникот на Риека м-р Војко Оберснел, д-р Златко Делов чија што ординација последниве месеци била логистичка база на проектот, академската заедница во Риека и Пула и секако, Заедницата на Македонците во Р. Хрватска и македонското национално малцинство во градот и жупанијата.

В. Т.



ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА





# Поздрав од Македонија



МКД „Охридски бисер“ од Загреб на 3 јуни 2014 година ја продолжи културната манифестација *Денови на македонската култура* како презентација на македонската етно култура со изложба на ракотворби под називПоздрав од Македонија, а како дел од изложбата беа прикажани етнографски експонати именувани *Мојот чеиз*. Изложбата официјално беше отворена од македонската амбасадорка во Хрватска, Н.Е. Даниела Караѓозоска. Свое обраќање имаа и претседателот на МКД „Охридски бисер“, Благој Штерјов и претседателката на Хрватска куќа – Мајчина приказна (Materina priča), Мина Петра Петричец, а за изложбата говореше членката на етно работилницата *Разбој*, Анка Рабузин.

Присутните, меѓу кои беа и Анкица Јежиќ, заменик на министерот за наука, образование и спорт на РХ, Драгутин Палашек од Канцеларијата на градоначалникот на Град Загреб, Никола Гроздановски, почесен претседател на ЗМРХ, протојереј Кирко Велински, свештеник на МПЦ во РХ, Томе Апостолоски, претседател на Советот на МНМ за Град Загреб, Соња Хабуш, претставник на МНМ за Загрепската жупанија и други, можеа да уживаат во разгледувањето на везените честитки со мотиви на македонскиот традиционален народен вез, изработени од членовите на етно работилницата *Разбој* при Друштвото, како и во многуте везени, шиени и ткаени рачни изработки на народни носии, прекривки, милеа, килими, завеси, друга покуќнина и разни кујнски и други предмети, сувенири, разгледници, плакати и слики посветени на Македонија.

Како дел од програмата што ја водеше Ивана Лазаревска настапи пејачката група *Моми бисерни* под водство на Сафиудин Алимоски со неколку македонски народни песни и во придружба на оркестарот *Охридски бисер*, а свој рецитал имаа и Моника Хараминчиќ и Јакша Јуриќ, членови на работилницата по македонски јазик за возрасни, која функционира во рамките на Друштвото. Изложбата беше отворена до 14 јуни 2014 година. Покровители на изложбата се Советот за националните малцинства на Р. Хрватска и Хрватската куќа – Мајчина приказна (Materina priča), каде се одржа манифестацијата.

Елизабета Петровска



# Потребна е нова визија за МКД „Илинден"

*Недостасуваат нови програми и идеи, нема подмладок, сè поизразито е отсуството на ентузијазам и мора да се изнајде и понуди нова визија за постоењето и идното функционирање на МКД во Риека, меѓу другото беше апострофирано на Редовното годишно собрание на МКД „Илинден"*



Редовното годишно собрание на МКД *Илинден* во Риека се одржа на 10 мај. Пејачката и музичката група го отворија собирот со исполнување на хрватската и македонската химна. Годишен извештај за работата на Друштвото во 2013 година, поднесе неговиот претседател Илија Христодулов. Станува збор за година која што била исполнета со многу нетрпеливост, непријателства и недоразбирања. Ваквите лоши меѓучовечки односи практично и ја парализирале неговата работа во првите пет месеци што несомнено најповеќе се одразиле врз угледот и врз работата на *Илинден*. Во втората половина на годината остварена е богата и интензивна дејност. Посебно треба да се одбележат обновените *Денови на македонската култура* со десетина приредби и Етноработилница. Кризата е очигледна, се осврна критички Христодулов и таа бара брзо надминување. Недостасуваат нови програми и идеи, нема подмладок, се поизразито е отсуството на ентузијазам и мора да се изнајде и понуди нова визија за постоењето и идното функционирање на МКД.

За Планот и програмата за 2014 година, со финансиските показатели изработени врз основа на Одлуката на Советот за националните малцинства при Владата на Република Хрватска и за доделените средства, говореше Ивона Дуноски Митев, потпретседателка на МКД *Илинден*. Средствата секоја година се сè помалку, па оттука се бараат поголеми ангажирања, вложувања и идеи на севкупното членство. Само заеднички и сложно можат да се остварат поставените задачи и програми на риечкото македонствување. Годинава ќе се обнови одбележувањето на најголемиот македонски празник Илинден во Голубињак, се покренува новата *Илинденска ризница*, а со нови содржини планирани се Етноработилницата и *Деновите на македонската култура*. За нов член на Управниот одбор едногласно беше избран Блаже Божиновски. Извештајот на Надзорниот одбор, што го поднесе неговиот претседател доктор Младен Ивановски, беше усвоен со мнозинство гласови.

Посебна расправа се водеше по предлогот на новиот Статут на Друштвото што беше наметнат како потреба од минатогодишното Изборно собрание. Неговото усогласување со новите законски одредби и барања е секако можност за успешна работа и современо европско дејствување. Иднината и новите поколенија се обврска на МКД *Илинден*, и со пејачката и музичката група овој повеќечасовен собир заврши со изведба на две убави македонски песни кои беа изведени за прв пат.

В. Т.

# И македонски полицајци во странските тимови во Хрватска

*За време на туристичката сезона, Република Македонија од 2012 година во Хрватска испраќа полицајци кои во голема мерка придонесуваат за безбеден одмор на туристите на Јадран*




*Од промоцијата на македонскиот полицаец во Управата на полицијата во Шибенско-книнската жупанија*

Македонскиот полицаец Ѓорѓи Ашкилов од Штип благодарение на своето богато полициско искуство и познавањето на хрватскиот јазик, се најде на листата на странски полицајци кои во текот на јули патролираа по туристичките места на Јадранскиот брег во Шибенско-книнската жупанија. Во август, на негово место ќе настапи Јовче Ивановски од Велес. И двајцата македонски полицајци се дел од меѓународните тимови кои се вклучени во проектот „Безбедна туристичка сезона“ во Хрватска. Се работи за проект кој има цел странските туристи да се чувствуваат безбедно, но истовремено и да бидат заштитени од туристички криминал, како што се кражби на плажи или по хотелски соби и апартмани.

- Одлично сме примени од страна на хрватските колеги и заедно со нив, но и со останатите колеги од другите држави, дејствуваме по потреба. Јас конкретно работам со колеги од Чешка. Достапни сме 24 часа, а секој што ќе посака да стапи во контакт со нас, особено туристите од Македонија, може да се обрати на бројот 192 и да побара од операторот да го насочи кон македонскиот полицаец. Значајно е да се оствари целта, односно туристите во местата каде што летуваат да се чувствуваат безбедно, ни изјави Ашкилов.

Како што нè информираше началникот на Полициската управа на Шибенско-книнската жупанија, Ивица Костаниќ, проектот во Хрватска се реализира веќе 6 години, а вклучени се 13 странски земји, меѓу кои Италија, Србија, Унгарија, Словенија, Франција, Германија, Чешка, односно земји од каде доаѓаат значителен број на туристи на Јадранскиот брег. Република Македонија се вклучи од 2012 година, а македонските полицајци минатите години патролираа во Сплитско-далматинската жупанија.

Надлежните посочуваат дека искуствата од „Безбедна туристичка сезона“ се одлични, а странските полицајци претставуваат вистински комуникациски мост меѓу странските туристи и хрватската полиција.

Началникот Костаниќ посочува дека кога ќе видат полицаец во униформа од својата земја, туристите без било какви ограничувања му се обраќаат доколку имаат потреба за тоа. Покрај тоа што дејствуваат при ситни казнени дела, странските полицајци се вклучуваат во случаи на сообраќајки, патролираат и со бродови, издаваат предупредувања за непримерно пловење...

Минатата година во Хрватска биле евидентирани 23.976 македонски туристи. Најмногу од нив ја посетиле Сплитско-далматинската жупанија и тоа 3.756 лица, а во Истра и во Дубровник дошле по 2.600 туристи. Задарската жупанија ја посетиле околу илјада Македонци.

Проектот „Безбедна туристичка сезона“ е финансиран од хрватските министерства за внатрешни работи и за туризам. Водени од покажаните позитивни искуства од проектот, хрватските полицајци за време на зимската сезона на скијање во познати ски-центри во странство, каде доаѓаат хрватски туристи во значителен број, патролираат заедно со своите колеги од соодветните земји. Тоа е случај со Италија, Словенија, Австрија и сл.

Милена Георгиевска

# Успешна соработка и дружење на релација Задар – Струмица



2014 година е година на прекрасни соработки меѓу Македонија и Задар, а една од нив е секако и соработката помеѓу средното училиште Обровац покрај Задар и средното општинско училиште „Јане Сандански“ од Струмица. Во јуни оваа година струмичките ученици со своите професори го посетија Обровац и Задар, а на дружењето во Задар му претходеше патувањето на учениците од Обровац во Струмица кои се воодушевија со убавините на градот, а посебно со гостопримливиот однос на Струмичани. Посебна пофалба Струмичани добија за храната, но и за одлично организираната забава во градот која траеше три дена.

На взаемно задоволство директорите на училиштата одлучија дека прекрасната соработка мора да продолжи, па во јуни учениците од Струмица се упатија во Обровац и Задар да бидат дел од проектот ЕВЕС на средното училиште Обровац кој успешно функционира веќе неколку години наназад. Учениците беа сместени кај своите другари од Обровац, како што беше и во Струмица што дополнително придонесе за нивното зближување. После посетата на училиштето во Обровац учениците од Струмица се впуштија во авантура. Проектот ЕВЕС, односно еколошкиот викенд на екстремни спортови, оваа година опфаќаше подводно чистење на реката Зрмања, предавања за екологија, јавање, спелеологија, рафтинг, алпинизам, курс по нуркање со професионален инструктор и секако, посета на Задар и неговите најпознати знаменитости. Учениците од Струмица имаа прилика да уживаат во природните убавини на Задарската околина и сите овие спортски активности кои имаа прилика да ги пробаат за прв пат во животот. На нивно огромно задоволство, Задрани им приредија богата агенда со возбудлива содржина. Нуркањето се одвиваше со експерти во секторот и специјализирана опрема како и алпинизмот за што учениците велат дека е вистинско адреналинско доживување.

Учениците пак, кои се одлучија за рафтинг на реката Зрмања, велат дека чувството да се спуштате по стрмни водопади повисоки од 5 метри е незаменливо. За Задар велат дека е град со посебна убавина и шарм, а црквата „Св. Донат“ остава без зборови. Секако, од модерните атракции на градот, учениците го посетија „Поздравот на сонцето“, а посебно останаа воодушевени од „Морските оргули“ на кои мора да се присуствува за да се доживее звукот кој го креираат. Учениците од Македонија велат дека ваквите дружења се големо богатство и благодарни се за можноста да доживеат вакво искуство. Престојот во Обровац им траеше само три дена кои беа исполнети до максимум и иако беа поканети да останат уште некој ден тие мораа да се вратат во Струмица, бидејќи ги очекуваше екстерното тестирање. Двете страни изјавија дека ова сигурно не е крај, туку напротив, почеток на долга соработка меѓу двата града и двете училишта, а учениците од Струмица веќе се подготвуваат за повторна средба со другарите од Задар, но овој пат на нивен терен.

Елена Кипровска Кнежиќ



# Дружење на хрватски и романски Македонци



Членовите на МКД „Биљана“ на 23 јуни имаа прилика да се дружат со гости од Романија. Имено претставници од Друштвото на Македонците од Романија дојдоа во посета на Задар по повод изложбата на македонскиот академски уметник Крунислав Стојановски „Меандри (Hommage á Knifer)“. Посетата се реализира по поканата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска. Задарските Македонци во таа прилика имаа можност да се запознаат со претседателката на Друштвото на Македонците од Романија Константина Димитреску, со Лаура Рогобете, генерален секретар на Друштвото на Македонците, Венера Попеску, претседателка на Друштвото од Долж, Гергел Еуѓен, член на Друштвото и Марија Попеску, млад член на Друштвото.

Гостите беа воодушевени со изложбата и нејзината организација и велат дека била одлична шанса за прв пат да го посетат Задар и овдешните Македонци. Со нив поразговаравме во врска со нивните активности во Романија, за тоа каков е статусот на Македонците во Романија, а каков во Хрватска. Во тој контекст Лаура Рогобете зборуваше за Лиана Димитреску, првата пратеничка на македонското малцинство во Романија, која поради трагичната смрт не успеала да го доврши својот втор мандат. Исклучителна млада жена со големо влијание во политиката, борец за правата на Македонците во Романија и за тоа Македонија да биде призната под сопственото име, а не како ФИРОМ. Нејзината смрт е контроверзна и оставила голем број неодговорени прашања. Гостите на МКД „Биљана“ и подарија голем број подароци од нивното издаваштво меѓу кои речник на македонскиот јазик, готвач со македонски традиционални јадења и примероци од гласилото на Македонците од Романија. За возврат, МКД „Биљана“ им подари книги издадени од Заедницата на Македонците во Р. Хрватска како и примероци од списанијата *Мост* и *Македонски глас*.

Гостите ги претставија своите секции кои се дел од нивното Друштво и дел од предвидената програма, а МКД „Биљана“ доби и официјална покана за посета на Романија. Секако, стана збор и за соработка со Македонија и македонските институции, а претставниците на двете друштва се сложија дека би било прекрасно ова да е само почеток на една убава соработка и дружење меѓу Македонците во Романија и Хрватска.

Е. К. Кнежиќ

# Традиционална македонска вечер

На 25 и 26 април задарскиот ресторан „Корнат“ ги отвори вратите за сите љубители на македонската храна и вино. Имено ресторанот организираше Денови посветени на македонската кујна под името *Со љубов / S ljubavlju*. Шефот на кујната, македонскиот готвач Стефан Стевановски уште еднаш покажа која е тајната на неговиот успех и зошто е толку баран во овој ресторан каде имал можност да готви и за претседателот на Хрватска, Иво Јосиповиќ.

Во традиционален македонски стил, вечерата беше отворена со шопска салата, како ладно предјадење се послужи пастрмка, а за главно јадење беше послужено познатото македонско селско месо. За крај на вечерата гостите имаа прилика да ја пробаат македонската раванија како сладок специјалитет.

Вечерта беше дополнително збогатена со изложба на фотографии од Дарко Стојановски под името *The land of colours*. Неизоставен дел од една права македонска вечера се и добрите вина, па така и овој пат посебен акцент беше ставен и на македонските вина кои уживаат одлична репутација во Хрватска. Гостите си заминаа задоволни од оваа малку поинаква викенд понуда во Задар.

Е. К. К



# ДЕНОВИ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ






## 153 години од големиот датум – 17 години наше чествување

*Со оваа манифестација Осиечани ја означуваат врската меѓу Македонија и Хрватска, заложбата за нејзино негување што на себе ја презеде Друштвото носејќи го ова име, но и желбата да се продолжи со активности кои ќе одат во сличен правец, јакнење на врските меѓу двете татковини, Македонија и Хрватска*

Д*еновите на браќата Миладиновци* се централна манифестација за Осиечани со која ја означуваат врската меѓу Македонија и Хрватска, заложбата за нејзино негување што на себе ја презеде Друштвото носејќи го ова име, но и желбата да се продолжи со активности кои ќе одат во сличен правец, јакнење на врските меѓу двете татковини, Македонија и Хрватска, на културен, уметнички, академски, музички и сличен план.

Во тоа име, МКД „Браќа Миладиновци" и оваа година, по 17 пат, ги организираше *Деновите на браќата Миладиновци* во соработка со Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, а под покровителство на Советот за националните малцинства на при Владата на РХ, и манифестацијата им ја подари и на Осиек и на Ѓаково, родниот град на великиот бискуп Ј. Ј. Штросмаер, поддржувач на струшките браќа.

Манифестацијата започна со отворање на изложбата на дваесетина македонски уметници во галеријата Казамат, *Свежа како домат: Современата македонска уметност – разоткриена и без рамки*. Оваа изложба е реализирана и со помош на Министерството за култура на Р. Македонија, Министерството за култура на Р. Хрватска и Град Осиек. Таа претставува преглед на современата македонска уметност и се развивала како повеќегодишен проект кој обединува различни мултимедијални и уметнички пракси на меѓу себе слични уметнички изрази. Изложбата беше одлично посетена како на денот на отворањето, така и во текот на нејзиното траење, а беше пошироко претставена и во медиумите.

*Деновите на браќата Миладиновци* продолжија во Ѓаково со посетата и положувањето на венци пред спомен-плочата на великите браќа во Катедралата и завршија со промоцијата на книгата *40 години во знакот на поврзувањето и клавирскиот мозаик* на авторката





Јагода Тренеска Цветичанин, долгогодишна членка и бивша претседателка на Друштвото, музички деец и педагог со богата професионална пракса како во Македонија, така и во Хрватска.

Книгата беше претставена од страна на Мирко Ќуриќ и Давор Келиќ. И додека Ќуриќ се осврна на културната трага која браќата Миладиновци ја оставија како залог за следните генерации, Келиќ истакна дека станува збор за автобиографска книга на неговата професорка која својот работен век го посвети на поврзувањето на македонската и хрватската култура. Самата авторка пак, во своето излагање рече дека книгата е сублимат на нејзиното четириесетгодишно работење како уметник, педагог и активист во невладиниот сектор, а нејзината најголема желба е „да остави трага зад себе, трага која говори за поврзувањето на татковините“.

Промоцијата на книгата ја збогатија членките на женската пејачка група *Цертиса*.

Јулијана Тешија



# Топли сончеви денови и многу активности

*Топло и врнежливо, ама активно – така можат да се опишат мај и јуни во Осиек. Секциите беа активни, членовите вежбаа и настапуваа, децата завршуваа со учење македонски јазик во училиштете и се подготвуваа за последниот настап пред Друштвото и нивните родители*



На 17 мај 2014 година, како вовед во отворањето на новогодишните седумнаесетти *Денови на Браќа Миладиновци*, во Осиек се отвори изложбата на дваесетина македонски автори „Свежа како домат: Современата македонска уметност – разоткриена и без рамки“ во осиечката галерија Казамат. Изложбата привлече бројна публика, меѓу кои и професорите и студентите на Уметничката академија во Осиек и на Средното училиште за дизајн и текстил. Тие беа едногласни во своите пофалби истакнувајќи ја важноста од меѓусебно запознавање и размена на уметнички искуства кои ги пречекоруваат границите на материјалното. Изложбата побуди интерес и кај медиумите.

На 21 мај 2014 година МКД „Браќа Миладиновци“ се претстави во Ѓаково кога делегација на Друштвото се поклони пред спомен-плочата на великиот Бискуп Ј. Ј. Штросмаер со чија поддршка пред точно 153 години беше отпечатен Зборникот на македонски народни песни.

На 9 јуни, по повод денот на Општината Долна Мотичина, МКД „Браќа Миладиновци“ имаше настап со своите разиграни дами од „Големиот Танец“ во истоименото село, на смотрата на фолклорот под наслов „Мотичино, мое драго село“. На настапот „Танец“ се претстави со „Билјана платно белеше“ според кореографијата на водителката на секцијата Мирта Гало. Нивниот настап беше примен со радост и аплауз од присутните.

На 14 јуни најмладите „Бисерчиња“ се претставија пред своите родители и членовите на МКД „Браќа Миладиновци“ со настап со кој го одбележаа крајот на школската година. Беа распеани и разиграни, рецитираа и глумеа и измамија бројни долги аплаузи.

Јулијана Тешија

# „Меандри (Hommage á Knifer)“ на Крунислав Стојановски

*Отворањето на изложбата се случи на 23 мај во организација на МКД „Билјана“ во соработка со Заедницата на Македонците во Република Хрватска, а во рамките на веќе традиционалната манифестација „Творештво на македонските уметници во Хрватска“*





Дека МКД „Билјана“ активно учествува во летната културна програма на Задар е доказ и прекрасно организираната изложба „Меандри (Hommage á Knifer)“ на Крунислав Стојановски во Научната библиотека во Задар. Отворањето на изложбата се случи на 23 мај во организација на МКД „Билјана“ во соработка со Заедницата на Македонците во Република Хрватска, а во рамките на веќе традиционалната манифестација „Творештво на македонските уметници во Хрватска“. На самото отворање, освен членовите на Друштвото, присутни беа во голем број истакнати личности од културниот живот на Задар, професори, студенти по историја на уметност, претставници на Град Задар и претставници од останатите културни друштва кои функционираат во Задар.

Уште на самиот почеток присутните имаа прилика да забележат дека станува збор за посебен млад македонски уметник со хрватска адреса. Стојановски дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Загреб, а подоцна студирал и дипломирал *Public art* во Австрија. Има богата кариера со големи достигнувања, награди и стипендии. Самиот простор каде сликите беа изложени претставуваше галерија каде присутните можеа од поблиску да ги погледнат делата и дискутираат за нив. Изложбата ја отвори претседателката Мирјана Мајиќ, која прочита неколку песни од Еми Лонгин од збирката „Записи со љубов“ како дел од литературно-драмската секција на Друштвото, му се заблагодари на авторот и на Научната библиотека за соработката, а потоа и го отстапи зборот на заменик-директорката на библиотеката Маријана Сенкиќ-Клапан. Сенкиќ-Клапан накратко го претстави академскиот уметник на симпатичен начин низ нејзиното лично искуство на запознавање со него, го објасни значењето на терминот „меандри“, а подоцна говореше за инспирацијата на Стојановски од меандрите на Книфер кои ја изразуваат монотонијата на социјалната ситуација. Стојановски овде се реферира на Книфер, но исто така, и на некој начин го интерпретира додавајќи боја и релјеф. Она што Стојановски се труди да направи е да го претвори меандарот од симбол кој Книфер го лишил од значење во содржина. Крунислав Стојановски се заблагодари на МКД „Билјана“ и Научната библиотека за организацијата на оваа изложба како и на присутните кои искажаа интерес и дојдоа да ја посетат.



Отворањето на изложбата која беше под покровителство на Советот за националните малцинства на РХ, беше следено и од неколку задарски медиуми. За изложбата и останатите активности на Друштвото со новинарите зборуваше и Мирјана Мајиќ и неколку други членови на Друштвото. Изложбата беше отворена до 1 јули 2014 година.

Елена Кипровска Кнежиќ

# Денот на хрватската државност одбележан и во Скопје

*Хрватската амбасада во Скопје организираше свечен прием, каде беше потенцирано значењето на 25 јуни – Денот кога Хрватскиот сабор во 1991 година донесе Уставна одлука за самостојност и сувереност на Република Хрватска*



Националниот празник на Република Хрватска – Денот на државноста 25 јуни, беше одбележан и во Македонија. Имено, хрватската амбасада во Скопје организираше свечен прием за угледни гости на репрезентативното место *Пантелејмон.* Оваа прекрасна позиција на средно Водно не случајно е одбрана, имено сопственикот на ресторанот има нераскинливи врски со Хрватска, бидејќи неговото потекло е од Истра. Летниот дожд не им попречи на поканетите гости да се појават на прославата и да ѝ укажат чест на Република Хрватска.

Пред бројните гости, претставници од македонската Влада, Собранието, истакнати личности од општествениот, стопанскиот и културниот живот, претставници на Заедницата на Хрватите во Р. Македонија, свое обраќање имаше амбасадорот на Република Хрватска во Република Македонија, Златко Крамариќ. Тој ги истакна актуелните состојби во хрватската држава, влезот во Европската унија, но и тоа дека преку ноќ не протече мед и млеко во земјата. Крамариќ посочи дека Хрватска се соочува со бројна невработеност, што е голем проблем за нејзините жители.

Хрватскиот амбасадор на Република Македонија ѝ посака и понатаму да чекори кон зацртаната цел – евроатлантските интеграции.

Низ пријатно дружење се разговараше на разни теми врзани за двете земји. Нераскинливите културни врски воспоставени од времето на J. J. Штросмаер, браќата Миладиновци, Рацин..., се само еден сегмент во продлабочувањето и негувањето на одличните релации и соработка.

Инаку, 25 јуни е денот кога Хрватскиот сабор во 1991 година донесе Уставна одлука за самостојност и сувереност на Република Хрватска, прогласувајќи ја Република Хрватска за самостојна и независна држава, со што излезе од федерацијата на југословенските републики.

Во Хрватска, државниот врв на земјата положи венци со цвеќе кај споменикот Глас на хрватските жртви – ѕидот на болката, Гробницата на народните херои, кај Средишниот крст во Алејата на погинатите хрватски бранители од Татковинската војна, како и на гробот на првиот претседател на Р. Хрватска, д-р Фрањо Туѓман.

„Се сеќаваме на сите заслужни граѓани кои придонесоа ние денеска слободно да уживаме во демократијата во нашата Хрватска", истакна хрватскиот претседател д-р Иво Јосиповиќ. Тој посочи дека пред Хрватска се бројни задачи и реформи за подобри времиња.

Премиерот Зоран Милановиќ потенцираше дека ова е можност за потсетување на оние кои го дадоа својот живот за Хрватска, но и потсетување дека во Хрватска беа донесени крупни и далековидни одлуки. „25 јуни 1991 година е важен ден кога е донесена една важна одлука, но како што знаеме хрватската државност е постара од тој датум и трае од 7. век", истакна хрватскиот премиер.

Милена Георгиевска



# Промоција на документарниот филм во Скопје и Куманово

По премиерната промоција на документарниот филм *Придонес на Македонците во Татковинската војна* во Загреб, поради големиот интерес Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб организираше промоција на филмот и во Македонија, во градовите Скопје и Куманово.

Во Кинотеката на Македонија во Скопје филмот беше прикажан на 12 јуни 2014 година. Пред почетокот на филмот, водителката од МТВ, Ленче Смилевска, ја поздрави публиката и му даде збор на претседателот на Советот на МНМ за Град Загреб, Томе Апостолоски, да го претстави филмот. Меѓу присутните беа претставници од Кабинетот на претседателот на РМ, Ѓорге Иванов и од Амбасадата на РХ во РМ, Александар Ѓорѓиев од Министерството за култура на РМ, Петар Чулев од Министерството за надворешни работи на РМ, Иван Брадиќ, претседател на Хрватскиот светски конгрес на Македонија и неговиот соработник Филип Видовиќ, Фрањо Ипша, претседател на ЗХРМ и неговите соработници Сњежана Тројачанец и Љерка Тот Наумова, Наташа Котлар и Лилјана Гушевска од Институтот за национална историја на РМ, Зоран Цорлев, директор на ансамблот *Танец*, Орце Ламбевски, потпретседател и Лазар Тошанов, член на претседателството на Советот на МНМ за Град Загреб, одговорниот уредник на првиот програмски сервис на МРТВ, Диме Ратајковски, новинарките од МТВ Мирјана Димовска и Мирјана Василева, која е воедно и авторка на филмот, новинарката од Радио Скопје, Сузана Тодоровска и други.

За создавањето на филмот, авторката ќе рече дека пресуден бил мотивот да ги забележи



најзначајните моменти од настаните во тоа време низ сведоштва на македонските учесници во Татковинската војна. Документарниот филм, кој содржи четири целини, потсетува на периодот пред распадот на СФРЈ, кој крваво се одрази во Хрватска, а подоцна и во Босна и Херцеговина. Низ хронологија на овие процеси, Василева потсетува и на рефлектирањето на распадот на СФРЈ и во Македонија, која по Словенија и Хрватска се определи самостојно и независно да го трасира патот кон слободата. Во третиот дел таа истакнува една многу важна работа, а тоа е дека двете пријателски земји, Македонија и Хрватска, и денес продолжуваат со соработка и пријателство коешто со векови се градело низ традиционалните и културни врски. И на крајот како заклучок, Василева преку своите многубројни соговорници во филмот ја упатува пораката на денешното време, дека во ерата на глобалните движења, стремежот на Хрватска се оствари со зачленувањето во НАТО и ЕУ, а Македонија е на патот наскоро да го оствари својот европски сон.

Филмот наиде на одобрување и поддршка од публиката во Кинотеката и го привлече вниманието на бројни медиуми.



# Публиката со солзи во очите го дочека крајот на филмот

Промоцијата на документарниот филм во Куманово се одржа на 14 јуни во Домот на културата *Трајко Прокопиев*, во соработка со Заедницата на Хрватите во Република Македонија – огранок Куманово и Кинотеката на Македонија. Воведен збор дадоа авторката на филмот, Мирјана Василева, Иван Шеркиниќ, претседател на ЗХРМ – огранок Куманово и Томе Апостолоски, претседател на Советот на МНМ за Град Загреб.

Мирјана Василева пред бројната публика во Куманово накратко ја изнесе содржината на филмот, а Иван Шеркиниќ им посака добредојде на гостите и истакна дека оваа проекција е посветена на 25 јуни, Денот на



државноста на Република Хрватска.

Претседателот на Советот, Томе Апостолоски, во своето обраќање пред присутните го пофали односот на Република Хрватска кон нејзините национални малцинства. Тој нагласи дека во програмата за зачувување на македонскиот национален идентитет значајно место зазема негувањето на мајчиниот јазик. Изборната настава по македонски јазик во основните училишта во Хрватска во седум градови ја посетуваат околу 150 ученици, од кои не се сите со македонско потекло. Признати во Уставот на Република Хрватска како национално малцинство, Македонците во Хрватска се први Македонци кои со влезот на Република Хрватска, влегоа во ЕУ, посочи Апостолоски.

Сентименталноста и осетливоста на самата тематика, како и потсетувањето на трнливиот пат кон самостојна и суверена Хрватска, предизвика публиката со солзи во очите да го дочека крајот на филмот. А почитта кон оние што за независноста го дадоа она најскапоценото, своите животи, е почит кон самиот себеси и кон Татковината.

Во скоро време се очекува документарецот да биде прикажан и на македонската и на хрватската телевизија.

Е. Петровска

# Недела на здруженијата во Загреб



Загрепскиот парк Зрињевац од 9 до 13 јуни годинава беше повторно центар на настани за здруженијата од Загреб. Традиционалната манифестација *Недела на здруженијата* се одржуваше по 14-ти пат во организација на Град Загреб и Градската канцеларија за социјална заштита и лица со инвалидитет. Нејзината цел е во запознавањето на пошироката јавност со работата на организациите и здруженијата, како и на програмите кои ги реализираат нивните членови. Секоја година во програмата учествуваат сè повеќе здруженија кои своите дејности ги претставуваат во музичкиот павилјон и на бројните штандови во паркот. Овој пат се претставија повеќе од 150 здруженија со различни дејности на заедничка тема *Улогата на организациите од граѓанското општество во време на криза.*

Манифестацијата ја отвори Вишња Фортуна, раководителка на Градската канцеларија за социјална заштита и лица со инвалидитет. Таа нагласи дека секоја мудра власт има добра соработка со својот цивилен сектор, бидејќи тоа е она најважното доколку сакаме да придонесеме за благосостојбата на нашите сограѓани, па заклучи дека ниту една влада и власт не можат да опстанат сами, Град Загреб никогаш не работел сам, туку со своите здруженија.

И загрепските национални малцинства учествуваа на манифестацијата. Работата на македонското национално малцинство ја претставија членовите на Советот на македонското национално малцинство за Град Загреб и на МКД „Охридски бисер“ од Загреб. Тие на штандот ги запознаваа граѓаните со своите активности презентирајќи ја македонската култура, традиција и обичаи.

Е. Петровска



# Изучувањето на македонскиот јазик во Хрватска има своја традиција

Изучувањето на македонскиот јазик во Хрватска има своја традиција и резултати кои секако заслужуваат внимание и почит. За состојбите и што на тој план се планира во иднина зборува претседателот на Заедницата на Македонците во РХ, Илија Христодулов. Тој посочува дека по ова прашање има што да се пишува и кажува.



- Изучувањето на македонскиот јазик во пријателска Република Хрватска има длабоки корени. Најдобро тоа го знаат нашите еминентни членови – универзитетските професори Горан Калоѓера, кој е почесен конзул, Борислав Павловски, Златко Крамариќ, Васил Тоциновски, како и Благоја Јовановски. Секако, со посебен пиетет сакам да си припомниме на основоположникот на Катедрата за македонски јазик на Филозофскиот факултет во Загреб, проф. Петар Кепески. Историјата тоа најдобро го забележала, посочува Христодулов.

Тој додаде дека денеска во основните училишта имаме дополнителна настава по македонски јазик според моделот „Ц", одреден од ресорното Министерство за образование на РХ. Во Риека постои најбројниот лекторат по македонски јазик во светот, благодарејќи на основачот проф. Калоѓера и водителот на лекторатот проф. Васил Тоциновски. За жал, лекторатите во Задар и Осиек веќе не работат од објективни и субјективни причини, што не значи дека нема да се преземат потребни мерки и активности за нивно активирање.

- Исто така, морам да спомнам, вели Христодулов, во однос на соработката со Република Македонија, тука има големи проблеми, бидејќи за работа на дополнителната настава по македонски јазик во основните училишта недостигаат учебници и сè што е потребно за нормална работа. Останува наша обврска да се заложиме за воведување на македонскиот јазик и во средното образование. Ја користам оваа прилика да изразам искрена благодарност кон сите мои претходници чија работа и резултати ќе бидат наши патокази во иднина, додаде тој.

В. Т.

# Македонија е бисер балкански...

Крајот на учебната година учениците кои посетуваат дополнителна настава по македонски јазик во Основното училиште *Центар* во Риека, традиционално го одбележуваат со приредба. Во МКД *Илинден* на 5 јуни ја изведоа програмата насловена *Македонија е бисер балкански, сите ја сакаме и со неа со гордееме*. По хорскиот настап со песната *Под ова знаме* тематски беа рецитирани песни посветени на историското минато на Македонија, за нејзините вековни борби за слобода и независност и за бестрашните војводи и комити. Настапија: Барбара Динев, Сара Ѓурѓевиќ, Жељка Пејициќ, Теа Волариќ и Ана Беовиќ. Дијалошката игра *Разговор по телефон* ја изведоа сестрата и братот Сара и Гоце Таневски. Учителката Наталија Лековска со своите ученици ја исполнија чудесната *Земја божја*. Децата и нивните родители секој настап го наградуваа со долготрајни аплаузи и тоа вистински беше заедничко празнување. Работата и трудот на учителката Лековска и на нејзините ученици се вистинско и препознатливо богатство во мултинационалната Риека.



В. Т.

# Последното училишно ѕвоно заѕвони и во Загреб

На 7 јуни 2014 година последното училишно ѕвоно заѕвони и во ОУ „Никола Тесла“ од Загреб за учениците од изборната настава за негување на македонскиот јазик и култура. Училницата ја исполнија ведри и расположени и заедно со родителите и наставничката Деспина Белчовска Велинска низ смеа и шега споделуваа што поминале низ годината.



Веќе традиционално, крајот на учебната година беше одбележан со проекција на сите нивни активности, а ги имаше многу: настап на *Денот на Советот на МНМ за Град Загреб*, на Божиќниот саем, на трибината *Европа и право на јазик*, на *Лидрано*, подготовките за Огулин за *Денови на бајките*... За своето совесно учење сите 27 ученици добија свидетелства, а за да ги оправдаат добрите оценки и дипломи, присутните ги изненадија со две приредби. Помладите ученици ја одиграа претставата *Кој е нај другар?* – еден добар, симпатичен ученик кој сите го сакаат за пријател, себично јаде големо чоколадо и не го дели со своите пријатели, а друг ученик своето печиво го дели со сите. Наравоучение: треба да бидеме хумани и да го делиме со другите тоа што го имаме. За крај ја отпеаја песната *Во светот на бајките*.

Повозрасните ученици се претставија со адаптација на текст од книгата *Ќе ти раскажам приказна* од Хорхе Букаи за вистинската вредност на прстенот, која зборува дека никогаш не треба да се чувствуваме обезвредени и бескорисни, бидејќи сите луѓе се вредни на свој начин и само оној кој нè познава знае колку навистина вредиме. За своите изведби учениците беа наградени со бурен аплауз од присутните, а наставничката Деспина топло ги поздрави посакувајќи им добро да се одморат за летниот распуст и од септември подготвени да стартуваат во новата учебна година.

Е. Петровска



## Сите сме ние исти и се викаме луѓе



По повод *Денот на училиштето* на 29 мај во ОУ „Никола Тесла“ беше подготвена свечена приредба со музичко-сценска изведба на учениците од 1 до 8 одделение под наслов *Сите сме ние исти и се викаме луѓе*. Текстот за мјузиклот го напиша ученичката од осмо одделение Лора Чуљак, а станува збор за летен камп во кој доаѓаат ученици од цела Европа (Англија, Словенија, Германија, Хрватска, Македонија...) со намера да снимаат филм. Тие наидуваат на секакви несогласувања и недоразбирања сè додека во еден момент не избива пожар и сите ги зближува. Ученикот кој доаѓа од Македонија ја спасува водителката на кампот и станува јунак меѓу учениците. Македонецот го глуми ученикот од шесто одделение Антонио Франчиќ, кој ја посетува изборната настава за негување на македонскиот јазик и култура.

Сите сме ние исти и различни, и мора да постои толеранција меѓу нас. Пораката на мјузиклот е дека пријателството не познава различности и дека секој сака да биде прифатен и сакан.

# За малцинствата и натаму малку простор на ХТВ

*Советот за националните малцинства на Република Хрватска најави можна тужба против ХРТ како јавен сервис поради непочитување на Договорот потпишан со хрватската Влада и на обврските од Уставниот закон за правата на малцинствата*




Како што информираше Хрватското новинарско друштво, владиниот Совет за националните малцинства на РХ на последната седница изразил незадоволство од известувањето на ХРТ за произведените и објавените програми наменети за информирање на националните малцинства. Особено незадоволство изразил претседателот на Советот, Александар Толнауер, кој оценил дека и натаму со Хрватската радио телевизија нема дијалог, и дека е недоволно времето што се отстапува за програмите наменети за националните малцинства. Тој најавил состанок со главниот директор Горан Радман, на кого ќе му ги посочи фактите дека Советот има многу елементи и аргументи за тужба против ХТВ заради непочитување на Договорот со Владата на Република Хрватска.

Советот за националните малцинства заклучил дека ХРТ не ги почитува обврските од Уставниот закон за правата на малцинствата и одредбите од Договорот потпишан меѓу Владата и ХРТ како јавен сервис.

Натаму, се наведува во информацијата на Хрватското новинарско друштво, претставници на малцинствата не се повикуваат да земат учество во емисии како што се оние за двојазичноста во Вуковар. Исто така, не се почитувале одредбите за употреба на малцинските јазици и сл. „Немаме намера да бидеме уредници на ХРТ, но можеме да кажеме дека не сме задоволни со програмата. Имавме девет состаноци со претставници на ХРТ, но без успех," посочил Толнауер.

М. Г.

# Лебот наш



Македонската Академија на Науките и Уметностите по повод влегувањето на Република Хрватска во ЕУ, има во план да издаде три дела на хрватски автори: *Лебот наш (Kruh naš)* од Предраг Матвеевиќ, *Илјадалетие на хрватската глаголица (Tisućljeće hrvatskog glagoljaštva)* од Едуард Херцигоња и *Шалот на Асмодеј (Asmodejev šal)* од Иван Аралица. Бидејќи неодамна излезе од печат на македонски јазик делото *Лебот наш* од Предраг Матвеевиќ, на 20 јуни 2014 година во библиотеката *Богдан Огризовиќ* на Цветниот плоштад во Загреб, се одржа промоција. Пред присутните, меѓу кои беа и загрепските Македонци и нивните пријатели, членови на МКД „Охридски бисер", за книгата зборуваа проф. д-р Борис Павловски од Филозофскиот факултет во Загреб и организаторот на проектот Никола Демниев.

Следејќи го својот специфичен стил од *Медитеранскиот бревијар*, познатиот писател Матвеевиќ во оваа книга шест илјади годишната историја за лебот не ја прераскажува хронолошки, туку ги следи настаните и обичаите, го истражува етимолошкото потекло и етнолошките феномени, а сето тоа го комбинира со своето лично искуство. Книгата *Лебот наш* не е само патување низ време, туку и патување низ цивилизации. Минатото и историјата, митот и верата, личното и општественото се одбележани со лебот, неговата присутност или недостаток. Матвеевиќ на неа работел неколку децении години. Долготрајното авторско истражување и преокупираност со лебот поврзано е со неговите медитерански пловидби и патувања низ светот.

Проф. Павловски подвлече дека Матвеевиќ е продолжувач на делото на Крлежа и признат професор надвор од Хрватска, со академска титула во Македонија и Босна и Херцеговина. Книги каква што е оваа, секако ја збогатуваат националната култура и засекогаш остануваат како капитални културни дела.

Е. Петровска

# Признание за вкусниот македонски вегетаријански грав







Во организација на општина Калиновац и Земјоделското здружение *Калиновац* на 29 јуни на езерото *Батинске* се одржа натпреварувачката манифестација *„4. Batinske Bass Gastro 2014“*. Програмата се состоеше од ликовна колонија на која учествуваа 13 уметници и од натпреварувачки дел за риболов на пастрмски гргеч и подготвување на традиционалното јадење од грав *„Поберунски грај“*. На манифестацијата учествуваа и претставници на побратимените општини Богданци од Македонија и Балотонбоглар од Унгарија.

Од 20 млади учесници и 10 ментори на *Bass* лигата, најдобар во риболовот беше Карло Карловчан. Во натпреварот на подготвување грав учествуваа 14 екипи, а првите три места ги заседоа *Стари кромпач*, *Подравски дечки* и *Дроти*. Заменикот на жупанот за Копривничко-крижевската жупанија, Дарко Собота, началникот на општина Калиновац, Бранко Собота и неговата заменичка Емина Лацковиќ Ходалиќ ги поздравија бројните учесници и гости и ги доделија наградите и признанијата на најуспешните. Во посебната категорија за подготвување грав победи екипата на општина Богданци која ја сочинуваа градоначалничката Анастасија Олумчева со соработниците Вангелица Манчева и Митко Влахов, заедно со Орце Ламбевски. Сите го пофалија вкусниот македонски вегетаријански грав, а дружењето низ песна и танц продолжи до доцните попладневни часови.



Е. П.




UGO COOL SERVIS j.d.o.o



Specijalizirani servis za održavanje, ugradnju i servisiranje ugostiteljskih aparata (rashladnih komora, hladnjaka, klima uređaja, konvektomata, perilica posuđa, kuhinjskih napa, električnih i plinskih štednjaka i pećnica, aparata za kavu te ostale ugostiteljske opreme)

Tel.: ++385 1 6040 103; Faks: ++385 1 6040 100; E-pošta: ugocool@icc.hr; Mob.: 099 676 2859

# „Деспина“ - вистинско откритие за вљубениците во македонската изворна музика

*Знак на идентификација на еден народ се неговите песна и оро, неговите везови и носии*

Во Домот на хрватските бранители во Пула, во организација на *Македонскиот културен форум*, на 14 мај се одржа концерт на пејачката група *Деспина*. Насловен според македонската народна песна *Ајде ќе ти купам срмен елек* тој навистина прерасна во прекрасен срмен настан за публиката што ја исполни големата сала до последно место и што долго ќе го помни. Организатори на оваа незаборавна манифестација се Советот на македонското национално малцинство за Град Пула, Македонската православна црковна општина *Св. Јоаким Осоговски* во Пула и претставникот на македонското национално малцинство за Истарската жупанија. На самиот почеток од своето формирање во 2008 година, мешовитата пејачка група *Деспина*, со петнаесетина пејачки и солисти и музичкиот ансамбл со традиционални и модерни инструменти, го привлекоа вниманието на публиката и на музичката критика. Тие беа вистинско откритие за големиот број вљубеници во изворната македонска народна песна и оро. Она што притоа посебно треба да се одбележи е податокот дека репертоарот на *Деспина* тематски и жанровски е вистинска жива енциклопедија на целокупниот етнички простор: вардарскиот, егејскиот и пиринскиот дел на Македонија.



Безимениот македонски народен гениј низ вековите на своето постоење како најмоќно оружје ги имал антологиските остварувања на поетската и музичката традиција. Со нив војувал во остварување на своите национални и социјални права и слободи. Репертоарот на овој концерт беше репрезентативен. Ги одвојуваме песнопојните бисери: *Ајде ќе ти купам срмен елек, Тесно ми го скрои мамо, На Струга дуќан да имам, Да ми дојдеш калеш море Димчо, Дафино, вино црвено, Нели ти реков не оди боса* и *Се посврши сербез Донка*. Притоа секако посебно треба да се одвојат и солистичките настапи на Миладин Миќановиќ со хумористичните *Решил чичо да се жени* и *Сторил ниет зајко (Зајко, кокорајко)* и епската *Море сокол пие вода на Вардарот*. Публиката ја кренаа на нозе солистката Јасмина Макота и хармоникашот Андреј Пезиќ со ненадминатата таговна песна *Зајди, зајди, јасно сонце*. Тие прекрасни изведби ги збогати и Милена Рамовиќ со *Градел Илија манастир* и *Бело лице љубам јас*, во дует со Ирена Владисављевиќ. Својата виртуозност оркестарот ја посведочи со исполнување на ората *Елено моме, Елено* и *Гајдарско оро*. Зад трудот и високите професионални вредности на ансамблот стојат Тони Перниќ како водител, диригент и со музичка обработка и македонско-хрватскиот писател и културен работник Алдо Климан, втемелувач, душа и срце на *Македонскиот културен форум*.

Знак на идентификација на еден народ се неговите песна и оро, неговите везови и носии. *Деспина* настапува во живописните народни носии од Повардарјето. Изборот ни малку не е случаен. Станува збор за свечена македонска народна носија што се облекува за неделни и други празници и нејзините бои, мириси и вкусови се идеална равенка за топлото, благо, јужно македонско поднебје. А тоа според Рацин се вселило во душата на македонскиот непокорен човек и оттаму извира како непроценливо богатство на колективното историско меморирање за Македонија. Секако треба да ја запишеме благодарноста за уште едно високо уметничко и естетско доживување со *Деспина* на *Македонскиот културен форум* кој своите програмски активности ги остварува благодарение на безрезервната поддршка од страна на Истарската жупанија и Град Пула.

Васил Тоциновски

# Концерт за пензионерите на Кантрида

Соработката меѓу МКД *Илинден* во Риека и Домот за стари и немоќни лица на Кантрида има своја традиција и континуитет. Годинашниов целовечерен концерт на пејачката група и на оркестарот се одржа на 21 мај. Големата сала беше исполнета до последното место. Присутните ги поздрави Ивона Дуноски Митев, потпретседателка на МКД запознавајќи ги со работата на најстарото македонско културно друштво во Хрватска и подарувајќи неколку книги од неговата богата издавачка дејност. Со долготрајни аплаузи беа наградувани изведбите на познатите македонски песни: *Не се фаќај Доне, Донке, Елено ќерко, Што имала к`смет Стамена, Лихнида кајче веслаше, Седнав да вечерам, Ја излези стара мајко, С камènички фрлат мамо* и романтичарската *Шутка и Топана*. Хрватската песнопојна продукција беше претставена со *„Ружо црвена"*, *„Не дирај моју љубав"* и *„Ту је љубав моја"*. Треба да се одбележат солистичките настапи на Славица Чомов, Марјан Митев, Јуре Ружиќ и Славе Зафиров. Даровитата ученичка Сара Ѓурѓевиќ од подмладокот на *илинденци* и ученичка на дополнителната настава по македонски јазик, го исполни хитот *Цреша* на Тоше Проески. Гостинка на вечерта беше Мирјана Мајиќ, претседателка на МКД *Билјана* од Задар. Таа настапи со неколку свои книжевни творби на македонски и на хрватски јазик. Дружењето потоа продолжи со заеднички ора и со исполнување на желбата од публиката да ја слушнат и песната *Битола, мој роден крај* како крај за една пријатна и незаборавна вечер.



В. Т.

# Македонско книжевно матине



Основното училиште *Центар* што се наоѓа во срцето на вечно младата и убава Риека, во учебната 2013/2014 година го реализира проектот *Културата ја запознаваме, културата ја живееме*. Одржани се повеќе десетици приредби и манифестации од сите области на културата и уметноста. Да забележиме дека во него од учебната 2008/2009 година, се изведува дополнителна настава по македонски јазик. На 14 мај се одржа книжевно матине со современиот македонски писател и книжевен истражувач Васил Тоциновски. Мото на средбата беше да се запознае и засака другото и различноста. Уводен збор за авторот и за неговото дело даде директорката Недељка Дебелиќ. Многубројната детска публика со интерес ги следеше веселите и духовити раскази што авторот ги читаше од својата книга *Svoni dvapati* која што има доживеано две изданија на хрватски јазик. Професорката по македонски јазик Наталија Лековска ги читаше на македонски јазик, а учениците колективно ги преведуваа. Ученичката од седмо одделение Сара Ѓурѓевиќ ја изведе познатата песна *Цреша* од нивниот миленик Тоше Проески. Почитта и љубовта кон него беше изразена со воодушевено гласно прифаќање на песната. Дружењето потоа продолжи со вкусните македонски специјалитети што во соработка со МКД *Илинден* ги подготвија мајките и бабите на нивните македонски другарчиња.

В. Т.

# Св. Никола – нов македонски ресторан во Загреб





За сите гурмани и вљубеници во македонските кулинарски специјалитети, добра вест! Отворен е нов македонски национален ресторан во Загреб на 21 мај 2014 година. Ресторанот *Св. Никола* го отвори Македонецот Коста Миновски, сопственик на такси службата *„Taxi Cammeo“*, кој пред да дојде во Хрватска неколку години престојувал во Виена, каде што работел во такси-браншата.

Да потсетиме, првиот македонски ресторан кој беше отворен во Загреб беше *Македонска механа*, а потоа беше отворен и *Оро*, но набргу и двата ресторана се затворија.

На отворањето меѓу бројните посетители присуствуваше и градоначалникот на Град Загреб, Милан Бандиќ, кој и свечено го прогласи ресторанот за отворен, а присутна беше и познатата драмска актерка Костадинка Велковска. Гостите со песна и свирка ги забавуваше велешката група *До-ре-ми*.

Освен со македонскиот амбиент, ресторанот изобилува и со врвна македонска гастрономска понуда. Така на менито може да се најде секаков вид на јадења со телешко, пилешко и јагнешко месо, охридска пастрмка и разни специјалитети како што се турли тава, пастрмалија, тавче гравче, сарма од лозов лист, мусака, полнети пиперки, пилешки прсти со сусам, баница, зелник, похован кашкавал, секаков вид на сирења, шопска салата, таратор, пинџур, но и добро македонско вино. Вакква богата понуда е задоволство за сечие непце и никого нема да го остави рамнодушен.

Е. П.

## Есма Реџепова воодушеви со настапот во ресторанот



На 14 јуни 2014 година во новоотворениот македонски ресторан *Св. Никола* во Загреб, настапи кралицата на ромската музика, легендарната Есма Реџепова, заедно со нејзиниот музички бенд. Настапот што го проследија многу медиуми во Хрватска, ги фрли во еуфорија присутните во преполниот ресторан, кои ги дочекуваа младите хостеси облечени во македонски народни носии. Многу гости завршија пред Есма на колена, а и на масите, и цела вечер пееја со неа во глас.

Новиот македонски национален ресторан *Св. Никола* воодушеви со оваа програма и најави уште многу вакви слични гостувања. Според впечатоците на присутните, тој е вистински здив на Македонија во срцето на Град Загреб.




## ЕЗЕРКИ & 7/8






# На турнеја низ Македонија

Загрепскиот етно состав, вокалната група „Езерки“ и оркестарот „7/8“ од 8-15 јуни 2014 година оствarија турнеја низ Македонија. За време на гостувањето тие посетија неколку македонски градови, а во Скопје и Велес одржаа незаборавни концерти.

Концертот во Скопје се одржа на 11 јуни во Музејот на македонската борба по повод одбележување на јубилејната 20-годишнина од формирањето на Хрватско-македонското друштво, а под покровителство на Министерството за култура на РМ, Министерството за надворешни работи на РХ, Поглаварството на Град Загреб и други. Меѓу присутните на концертот беа и Златко Крамариќ, хрватски амбасадор во РМ, Александар Ѓорѓиев од Министерството за култура на РМ, Ристо Никовски, политички аналитичар и поранешен амбасадор, Фрањо Ипша, претседател на ЗХРМ, Наташа Котлар и Лилјана Гушевска од Институтот за национална историја на РМ, Томе Апостолоски, претседател, Орце Ламбевски, потпретседател и Лазар Тошанов, член на претседателството на Советот на МНМ за Град Загреб, Благој Штерјов, потпретседател на ЗМРХ, Мирјана Василева, новинарка од МТВ, Сузана Тодоровска, новинарка од Радио Скопје и други.

Под диригентската палка на Бруно Урлиќ пленеше изведбата на македонската народна музика и старoградските песни што ги отпеаја „Езерки“. На репертоарот се најдоа незаборавните *Елено ќерко, Елено*, *За Јане Сандански*, *Брала мома капини*, *Јовано, Јованке*, *Ој, ти Пацо дреновчанке*, *Зајко Кокорајко*, *Бело лице љубам јас*, *Јовке, кумановке*, исто како и неколкуте македонски ора што феноменално ги отсвирија „7/8“. Со својот извонредно префинет настап на уникатен музички јазик, тие уште еднаш потврдија дека се еден од најреномираните етно состави на овие простори, верни чувари на традиционалната македонска изворна музика и достојни амбасадори на македонската култура во светот. Ечеше аплаузот во акустичната сала на Музејот што публиката им го подари на крајот од концертот.

Е. Петровска

## Виртуозна музичка магија под отворено небо



Веднаш следниот ден на 12 јуни, „Езерки“ и „7/8“ гостуваа и во Велес, во рамките на манифестацијата *51. Рациновит средби*. Концертот што се одржа во Младинскиот парк уште со првите тактови ја освои велешката публика. Носталгичниот звук на виолината и тапаните, препознатливиот ритам на 7/8, прекрасната изведба на *Се посврши сербез Донка* и многу други познати македонски песни, звучеа како вистинско освежување што излегува од границите на стандардите и го разбранува уметничкиот дух. Концертот беше разновиден и восхитувачки, а виртуозната музичка магија под отвореното небо кај публиката предизвика силен ефект и бурни емоции.

# Македонска харфистка на интернационален фестивал во Загреб



Во рамките на *2. Интернационален фестивал на харфа* што се одржа од 17-25 мај 2014 година во Загреб, македонската харфистка Мерсиха Шукри одржа концерт, кој воедно беше и завршен концерт на фестивалот. На концертната програма, освен дела од Бах, Вивалди, Рахмањинов и Ордуљ, беа застапени и дела од повеќе македонски автори. Шукри ја придружуваше еден од водечките мандолински оркестри во Македонија, оркестарот *Скопје*, основан во 2001 година под уметничко водство на Рамадан и Ертан Шукри. Концертот на Мерсиха Шукри се одржа на 24 мај, на Денот на сесловенските просветители *Св. Кирил и Методиј*.

Мерсиха Шукри е единствениот магистер по харфа во Македонија. Своето музичко образование го започнува свирејќи пијано, а подоцна продолжува да свири на харфа. Дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје, во класата на проф. Лејла Урманова од Русија, како прв македонски дипломиран харфист, а магистрира на Музичката академија во Белград во класата на проф. Милица Бариќ и проф. Љиљана Несторовска. Добитник е на повеќе државни и меѓународни награди како солист и како камерен музичар. Има настапувано како солист со мандолинскиот оркестар *Скопје* и гудачкиот камерен ансамбл *Арко*, а свои концерти има одржувано и во Србија, Словенија, Косово, Франција, Унгарија, Израел. Во 2008 година за првпат ја претставува Македонија со учество на *10. Светски конгрес за харфа* во Амстердам, и како дел од најголемиот и најдолг оркестар од харфи влегува во Гинисовата книга на рекорди. Инаку, Шукри има остварено аудио и видео снимка за МРТВ и иницијатор е и член на интернационалното трио *Расмер* – харфа, флејта, виола (Македонија, Србија, Норвешка). Членува во Светското здружение на харфисти и во *Л'арт а парт* оркестарот за филмска музика, а соработува и со Македонската опера и балет и Македонската филхармонија.

Е. П.

# Фестивал на танцот

На 17 мај во Куклениот театар во Задар беше одржан Меѓународниот фестивал на танцот кој по трети пат се организира во Задар во сеќавање на Нивес Шиматовиќ-Предован, позната професорка по современ танц од Задар. Организатор на настанот беше Танцовото здружение *Геста* на чело со уметничката директорка Нена Јуришиќ.



Интересно е што на настанот настапија 20 танцови ансамбли од кои најголемиот број од цела Хрватска, додека меѓу учесниците од странство се најдоа и членовите на *Dance Studio Mac* од Македонија кои воодушевија со својот настап. Ова е прв пат на овој настан да настапува танцова школа од Македонија и љубителите на современиот танц се надеваат дека ова ќе прерасне во традиција.

Е. К. К.

# Илија Младенов повторно претседател на МПЦО во Риека




Македонската православна црковна општина *Св. цар Константин и царица Елена* во Риека, на 31 мај го одржа своето Редовно изборно собрание што го предводеше парохискиот свештеник на МПЦ за Република Хрватска, протојереј Кирко Велински. По молитвата, беше поднесен извештај за работата во 2013 година. Станува збор за плоден и активен период во кој биле одбележани најголемите христијански празници, била остварена извонредна соработка со другите верски заедници и посебно успешно и забележано е учеството во екуменските средби. Новото претседателство за периодот од 2014 до 2016 година има тринаесет члена, а за негов претседател одново беше избран Илија Младенов. По повод *Денот на МПЦО* во Риека, во црквата *Св. Фабијан и Себастијан*, на 1 јуни се одржа Света божествена литургија што ја предводеше протојереј Велински, во сослужение со Митко Газинковски, парохиски свештеник на МПЦ во Република Словенија. На свеченостите присуствуваше и делегација на МПЦО *Богојавление – Водици* од Копар, Словенија, предводена од претседателот Јонче Донев. Манифестациите продолжија во МКД *Илинден* со традиционалната трпеза на љубовта што ја приредија кумовите Надица и Миодраг Шалевски. Со благослов на отец Велински, кумови за 2014 година се Татјана и Звонко Таневски.

В. Т.

# Прослава за Св. Наум Охридски во Сплит

Како и секоја година, сплитските Македонци и Македонки организирани во Македонската православна црковна општина „Св. Наум Охридски“ на горд и достоинствен начин му оддадоа почит на заштитникот Св. Наум Охридски.

Парохискиот свештеник на Македонската православна црква во РХ, отецот Кирко Велински, во црквата „Госпе од Анчела“ во Сплит на 28 јуни 2014 година одржа свечена литургија посветена на светецот заштитник на МПЦО „Св. Наум Охридски“ во Сплит. Во инспиративниот говор после службената литургија, тој го истакна значењето на овој македонски светец и важноста на постоењето на МПЦО во Сплит.

По свечената литургија, сите заедно се преселија во просториите на македонското национално малцинство во Сплит каде што кумата Лидија Ненадиќ и нејзиниот сопруг Зоран на достоинствен и традиционален начин ги почестија сите присутни со свечена погача и богата празнична трпеза. Заедно со отецот Кирко, новиот кум за оваа година Живко Богески и останатите Македонци и Македонки ги направија сите свечени обичаи поврзани со овој празник, со покрстувањето на светата вода и свечената погача. Потоа се дружеа со пригоден коктел организиран од страна на фамилијата Ненадиќ.



Биљана Митревски

# Марков манастир и фреската на Крале Марко



За време на мојата последна посета на Скопје се одлучив да посетам едно прекрасно место на дваесетина километри јужно од градот на Маркова река кое е од огромна важност не само за нас Македонците, туку и за сите останати јужнословенски народи чија народна поезија во огромен дел му е посветена токму нему, на големиот Крале Марко. Марковиот манастир и црквата *Св. Димитрија* воодушевуваат со својата убавина, но и со длабоката духовност која едноставно зрачи од ова место. Во црквата *Св. Димитрија* се наоѓа и вечното почивалиште на Крале Марко каде што бил поставен епитаф со следната содржина: *В Христа Бога благовјерни краљ Марко клитар свето-га храма и вјечна му памет.* Во околината на манастирот се наоѓаат остатоци од заветни цркви кои ги подигнале Марковите родители, кралот Волкашин и кралицата Елена. Денес во овој манастир живее женско монашко сестринство, а со една од монахињите имав можност да поразговарам и да чујам некои сосема нови информации за мене во врска со овој манастир. За Крале Марко е веројатно најдостојниот пример за херој од XIV век кој ги спојува Македонците, Србите, Хрватите и Црногорците. Опеан е во безброј народни песни со една полу митска димензија во својот карактер и своите победоносни достигнувања. Но, во што е посебноста на овој манастир? Од некогашната богата ризница на икони и уметнички дела за жал, денес е останато многу малку. Но она по што Марковиот манастир е посебен и препознатлив е една од најзачуваните фрески со ликот на Крале Марко.

Опис на оваа фреска која може и денес да се види, наоѓаме уште во далечната 1897 година во задарскиот весник „Rivista Illustrata“ во текстот на П. Срećковиć во кој се вели: „Од левата страна во предворјето прикажан е кралот Волкашин, стар и сед човек, со круна и венец на главата, ја држи својата дарба во рацете, на порфирот над главата му пишува: *В Христа Бога благоверни крал Вукашин*, а до него млад, убав и црн со кружна црна брада, со архиерејска круна на главата и златен ореол, во едната рака држи свиток, со левата се потпира на дршката од сабјата, со натпис над главата: *В Христа Бога благоверни сини превисокаго краља Вукашина клитор Марко.*

Интересно е да се спомене фактот дека Крале Марко ковал свои сопствени монети од кои првата е пронајдена во Пирот, а познати се околу 7 негови монети кои сведочат за неговиот кралски статус. Како што е познато Крале Марко се смета за сесловенски јунак опеан во народната поезија и познат по својата храброст. Јужнословенските народи му посветуваат големо внимание и значење и подеднакво го слават бидејќи се борел против нивен заеднички непријател. Историјата не ни оставила пишан траг од Марковото јунаштво, па интересен е односот на застапеноста на неговиот лик и дело во народната поезија наспроти историските факти; не учествувал на најважната битка против Турците во 1389 година на Косовско поле, па оттаму и изреката „Касно Марко на Косово стиже“. Ниту за јунаштвото на Волкашин некои писатели не пишувале најпозитивно (да се потсетиме на реченицата на Његош од „Горски венец“: „Покољења дијела суде, што је чије дају свјема! / На Борисе, Вукашине општа грми анатема“).

Скоро секој народ има свој херој како Крале Марко со кој се идентификувал, реални личности трансформирани од времето чија фигура постепено се зголемувала. Несомнено е од огромна важност наследството кое Македонците го имаат од Крале Марко кое заслужува големо внимание и совршена промоција.

Елена Кипровска Кнежиќ

# МОРФОЛОГИЈА И МОРФОСИНТАКСА
## (трет дел)

Додадените морфеми (афиксите) според местото, во однос на основната (коренска) морфема, можат да бидат **претставки** (префикси) и **наставки** (суфикси). Претставката стои пред коренот или пред друга претставка: работи – изработи, доизработи. Наставката стои по коренот или зад друга наставка: *стол — столови, столар столарски, столарскиот.* Постојат два вида наставки – **формообразувачки** и **зборообразувачки**.

Во науката за јазикот првите се викаат **флексивни** (од **флексија**) или само **наставки**, а вторите **суфикси**.

При определувањето на граматичките карактеристики на некој збор се користи и терминот **завршок**. Со него се означува последниот или последните гласови во зборот, на пример: *б* во заб, *е* во пиле, *ст* во радост и сл. Завршокот е важен показател, пред сè, за родот на именките. Така, ако една именка има завршок а, се вклучува, најчесто, во именките од женскиот род, ако завршува на согласка, најчесто е со граматички машки род.

Зборообразувачките морфеми, како и коренските, се носители на лексичкото значење, а упатуваат и на граматичкото. На пример, *ар* во зборот ѕидар укажува на некого што врши определена дејност, во случајов оној што ѕида. Можеме да споредиме: *аптекар, библиотекар, морнар, поштар, шумар.* Исто така, во оваа зборообразувачка морфема (суфикс) имаме информација и за родот (машки) и за бројот (еднина). Формообразувачките морфеми се средства за искажување на граматичките значења: определеноста (*ѕид-от*), бројот (*ѕид-ови*), времето и лицето (*ѕида-ме*).



### ЗБОРОФОРМА

Во исказот еден збор не постои само во една единствена форма, туку во повеќе форми со кои се приспособува кон другите зборови околу него. Различните форми во кои може да се јави еден збор се викаат **зборoформи**. Тие се негови конкретни реализации во исказот, на пр., формите: *спопот, снопов, снопон, снопови, (два) спопа, снопје, снопја, сноповите, сноповиве, смоиовине* се зборoформи на зборот *сноп*.

Најголем број зборoформи во нашиот јазик имаат глаголите.

Понекогаш една морфема, во допир со други морфеми, може да се јави во два или повеќе видови. Ако ги споредиме зборoформите на зборот *рака (рака – раце)*, како и изведувањата од него (*раче, рачен* и сл.), ќе видаме дека коренската морфема **рак** еднаш се јавува како *рац*, а другпат како *рач*.

Различните форми на една морфема се викаат **варијанти** на истата морфема. Значи, *рац* и *рач* се варијанти на морфемата рак. Сличен пример се ***-еви/-ови*** во *клучеви/клучови, ножеви/ножови*.

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според *Македонски јазик*, Просветно дело АД, Скопје, 2001)

Bekos
bez jezičnih prepreka...
АГЕНЦИЈА ЗА ПРЕВЕДУВАЊЕ ЗА СИТЕ ЈАЗИЦИ
URED SUDSKIH TUMAČA I PREVODITELJA ZA SVE JEZIKE
www.bekos.hr
Siget 18C/VI, Zagreb, Tel.: ++385 1 652 57 50, Fax: ++385 1 652 33 88, Mob: 091-572 33 88
Av. Dubrovnik 10, Zagreb, Zgrada Chemcolora, soba br. 111,
(pored općine Novi Zagreb), Mob: 095-871 87 16

# Вкусовите на Македонија

## Зелник со праз



**За тестото потребно е:** 700 гр брашно, вода, половина коцка свеж квасец, сол и малку масло за јадење.

**За филот потребно е:** 3 средни парчиња праз, сол и масло за јадење.

**Подготовка:** Се замесува тесто, кое се остава да нарасне околу 20-тина минути. Потоа се прават 9 топчиња што се развлекуваат како кори (кругови) со пречник од 10 сантиметри. Секоја кора се мачка со масло помешано со маргарин или путер и се редат една врз друга. Кога ќе се посложат сите кори (последната не се намрсува), се посипуваат со брашно и се развлекуваат во една голема кора колку што е плехот од шпоретот или тепсијата каде ќе се пече зелникот. Се остава кората да биде малку поголема за да може да се завитка по страните. Потоа се посложува во тепсијата и се додава празот што е претходно испржен со сол. За горната кора важи истата постапка како и за долната, само што се ставаат седум, наместо девет топчиња, како би останал долниот дел малку подебел. Зелникот се намрсува со смесата од масло и марганин и на неколку места се прободува со вилушка. Се остава да стаса уште 15 минути и се пече во загреана рерна околу половина час.

## Кочански ориз на кинески начин

Се вари ориз во врела вода во која се додава масло и вегета. За две лица доволно е околу 200 до 250 гр ориз. Со постојано мешање и подлевање на топла вода се вари оризот околу 15-тина минути.

Во друго тенџере истовремено се подготвува месото. Потребно е 1 главица кромид (средна големина), несечкана на долги ленти



кои се пропржуваат на масло. Потоа се додава 300 до 400 гр телешко или свинско месо, кое се сече на долги стапчиња со дебелина од околу 1 см. Се покрива со капак и се динста. Може да се додаде малку бело вино. Откако месото е готово, се додаваат долги парчиња (иста величина како месото) тиквички заедно со кората и се пропржуваат околу 7-8 минути. Се налева 250 до 300 мл топла вода и една врекичка кинески микс (ги има во маркети и во Ќауфленд). Сè заедно се вари околу 5-7 минути. На чинија се сервира прво оризот, а врз него се додава месото со сосот од кинески зачини.

## Колач со кокос и чоколадо

**За тестото потребно е:** 4 јајца, 6 лажици шеќер, една шолја од кафе со млеко, една шолја масло за јадење, 6 лажици брашно, 100 гр кокос, прашок за печиво, ванила и 2 големи лажици какао.

**Подготовка:** Тестото се подготвува на вообичаен начин, а состојките се ставаат по редослед како што се наведени. Откако тестото ќе се испече се остава да се излади. Потоа се подготвува шербет од 1 чаша од 200 мл вода и половина чаша шеќер. Со врелиот шербет се полива оладеното тесто. За одозгора се топи чоколадо за готвење (200 гр) или се подготвува глазура од 6 лажици млеко, 6 лажици шеќер и една четвртина од коцка маргарин или путер и со тоа се полива колачот.



М. Г.

20 godina sa Vama
AMPER SERVIS
Cvjetna 6, 10370 Dugo Selo Ispostava: Čulinečka 52, 10000 Zagreb
Instalacije inteligentnih sustava-pametne kuće
Automatizacija, upravljanje i nadzor instalacija u građevinama
Izrada tehničkih riješenja instalacija
*Elektroinstalacije jake i slabe struje *Centralno i podno grijanje *Ventilacija i klimatizacija *Vodovod i odvodnja *Gips kartonski radovi *Elektrostatički podovi *Automatska zaljevanja *Centralno usisavanje *PVC stolarija, inox i crna bravarija
Tel.: 01/2913-194, tel/fax. 01/2913-188, mob.: 0912230 077, 091 4771 777
E-mail:amper-servis@zg.t-com.hr
Direktor : Jonče Ilievski

## Меѓународна соработка на МКД „Илинден"

Меѓусебната соработка меѓу македонските културни друштва во светот за жал, со години не бележи позначајни резултати. За ваквата состојба постојат и објективни и субјективни причини и слабости. Како позитивен пример на тој план ја одвојуваме посетата на делегација на МКД *Илинден* од Риека во Крањ. По покана од Далибор Ѓорѓевски, раководител на *Балканика бенд*, гостите присуствуваа на патрониот празник на Македонската православна црковна општина *Света Троица* во Крањ, која што постои две децении. Светата литургија ја предводеше парохискиот свештеник на МПЦ во Словенија, протојереј Митко Газинковски.

Потоа во Јепарц се одржа собир на кој присуствуваа повеќе стотици Македонци од сите краишта на Словенија, а ги поздрави претседателот на МПЦО *Света Троица*, Атанас Продански.

В. Т.




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕНИ РЕКЛАМИ ВО "МАКЕДОНСКИ ГЛАС"

Страниците на нашето списание "Македонски глас" отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 A4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 A4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 A4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 A4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 A4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш "Македонски глас"

## ПРЕТПЛАТА НА "МАКЕДОНСКИ ГЛАС"

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на Заедницата е: PBZ – IBAN: HR6023400091100038804, матичниот број: 3805760, и личниот идентификациски број (OIB): 07739533563) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина (за 6 броја), изнесува 60 куни годишно, додека пак за странство, 120 куни годишно или 17 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото



# МОНОСПИТОВСКО БЛАТО

Моноспитовското блато или малата македонска џунгла е последното мочуриште во Македонија. Се наоѓа во атарот на с. Моноспитово, на десетина километри од Струмица, во источниот дел на Струмичката котлина под планината Беласица. Лево од патот кој води од селото кон бањата Банско и на надморска височина од околу 210 м, ова континентално-субмедитеранско подрачје нуди уште една педа од мистичните природни македонски чудесии достојна за восхит.

Блатото е остаток од некогашното големо езеро каде кон крајот на терциерот живееле мамути и диносауруси. Настанало пред 20 милиони години во време кога се формирало Егејското копно, а подоцна истекло кон Егејското море. До 1947 година зафаќало површина од околу 5000 хектари, а сега познатиот „ѓол", како го нарекуваат мештаните, се простира на само 400 хектари од кои 250 се под вода и трска. Богат со многу видови дрвја, папрати, алги, барска трска и безброј птици, инсекти, пајаци, водоземци, влекачи, цицачи и риби, овој споменик на природата е засолниште на единствена флора и фауна, живеалиште на редок растителен и животински свет. Најпознати се ендемските реликти кралскиот папрат и луковата жаба. Од 112 видови птици, најзначајни се црниот штрк и малиот орел кликач, а од цицачите видрите и лисиците. Се наоѓаат и лековити растенија, но и јајца од барските птици.

Ова подрачје со години било еден од главните извори за животна егзистеницја на жителите од околните села. Масовното искористување и исушување на блатата и мочуриштата со текот на времето ги довело пред исчезнување. Заради тоа, заштитата на Моноспитовското блато денес претставува приоритет и постојат повеќе иницијативи и напори за спасување на овие уникатни водни станишта.

Благодарение на проектот за негова ревитализација, со средства од европските фондови изградени се платформи и дрвени патеки по кои може да се чекори над блатото и дрвени куќички за набљудување на птиците. Обновувајќи ги изумрените занаети пак, мештаните со рачно изработени предмети од трска, дрво и платно, ги привлекуваат туристите во познатото мочуриште. Чајки од дрво (чамци за пловење), леси од шамак и трска, разни сувенири од глина, трска и платно, им се нудат на гостите кои доаѓаат да уживаат во природните богатства на Моноспитовското блато.

Биолошката разновидност на мочуриштето со можност за рекреација, лов и риболов, и типичните елементи од културата на локалното население, позитивно делуваат на екотуризмот во овој крај. Посетете го и уживајте во пријатната прошетка, во мирисот на папратот, во шарените бои на водените цветови, во звукот на птичјиот пој...

Е. Петровска